Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
Fah 51

**СЛУЖ**

**НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Четврток, 8 мај 1975
БЕЛГРАД
БРОЈ 23 ГОД. XXXI

Цена на овој број е 20 динари. — Претплатата за 1975. година изнесува 420 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

**302.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА ГАРАНЦИЈА ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ (YU 1060)

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата за гаранција помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој (YU 1060), што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 24 април 1975 година.

ПР бр. 388
24 април 1975 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Киро Глигоров, с. р.**

## ЗАКОН
## ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА ЗА ГАРАНЦИЈА ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ (YU 1060)

Член 1

Се ратификува Спогодбата за гаранција помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој (YU 1060), потпишана на 11 декември 1974 година во Вашингтон, во оригинал на англиски јазик.

Член 2

Текстот на Спогодбата за гаранција во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик гласи:

### GUARANTEE AGREEMENT

**AGREEMENT, DATED DECEMBER 11, 1974, BETWEEN SOCIALIST FEDERAL REPUBLIC OF YUGOSLAVIA, (HEREINAFTER CALLED THE GUARANTOR) AND INTERNATIONAL BANK FOR RECONSTRUCTION AND DEVELOPMENT HEREINAFTER CALLED THE BANK)**

Whereas by the Loan Agreement of even date herewith between the Bank and Preduzeće "Luka Bar" — Bar (Port of Bar Enterprise) (hereinafter called the

### СПОГОДБА ЗА ГАРАНЦИЈА

**СПОГОДБА ОД 11 ДЕКЕМВРИ 1974 ГОДИНА ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА (ВО НАТАМОШНИОТ ТЕКСТ: ГАРАНТОТ) И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ (ВО НАТАМОШНИОТ ТЕКСТ: БАНКАТА)**

Бидејќи со Договорот за заем, што го носи истиот датум како и оваа спогодба, помеѓу Банката и Претпријатието „Лука Бар" — Бар (во натамош-

Borrower a loan in various currencies equivalent to forty-four million dollars ($ 44,000,000), on the terms and conditions set forth in the Loan Agreement, but only on condition that the Guarantor agree to guarantee the obligations of the Borrower in respect of such loan as hereinafter provided;

Whereas by a subsidiary loan agreement of even date herewith between the Borrower and Zeleznićko transportno preduzeće Beograd (Belgrade Railway Transport Enterprise) (hereinafter called RTE Belgrade), the Borrower has agreed to relend to RTE Belgrade a portion of the proceeds of the Loan, as provided in the Loan Agreement and in the said subsidiary loan agreement; and

Whereas the Guarantor, in consideration of the Bank's entering into the Loan Agreement with the Borrower, has agreed so to guarantee such obligations of the Borrower;

Now therefore the parties hereto hereby agree as follows:

Article I

**General Conditions; Definitions**

Section 1.01. The parties to this Agreement accept all the provisions of the General Conditions Applicable to Loan and Guarantee Agreements of the Bank dated March 15, 1974, with the same force and effect as if they were fully set forth herein (said General Conditions Applicable to Loan and Guarantee Agreements being hereinafter called the General Conditions).

Section 1.02. Wherever used in this Agreement, unless the context otherwise requires, the several terms defined in the General Conditions and in Section 1.02 of the Loan Agreement have the respective meanings therein set forth.

Article II

**Guarantee**

Section 2.01. Without limitation or restriction upon any of its other obligations under the Guarantee Agreement, the Guarantor hereby unconditionally guarantees, as primary obligor and not as surety merely, the due and punctual payment of the principal of, and interest and other charges on, the Loan, and the premium, if any, on the prepayment of the Loan all as set forth in the Loan Agreement.

Article III

**Other Covenants**

Section 3.01. (a) It is the policy of the Bank, in making loans to, or with the guarantee of, its members not to seek, in normal circumstances, special security from the member concerned but to ensure that no other external debt shall have priority over its loans in the allocation, realization or distribution of foreign exchange held under the control or for the benefit of such member. To that end, if any lien shall be created on any public assets (as hereinafter defined), as security for any external debt, which will or might result in a priority for the benefit of the creditor of such external debt in the allocation, realization or distribution of foreign exchange, such lien shall, unles the Bank shall otherwise agree, ipso facto and at no cost to the Bank, equally and ratably secure the principal of, and interest and other charges on, the Loan, and the Guarantor, in creating or permitting the creation of such lien, shall make express provision to that effect; provided, however, that, if for any constitutional or other legal reason such provision cannot be made with respect to any lien created on assets of any of

ниот текст: Заемопримачот), Банката се согласи да му одобри на Заемопримачот заем, во разни валути, во противвредност од четириесет и четири милиона долари ($ 44,000.000), според условите и погодбите изложени во Договорот за заем, но само под услов Гарантот да се согласи да ги гарантира обврските на Заемопримачот во однос на таквиот заем, како што е предвидено тука во натамошниот текст;

бидејќи со еден супсидијарен договор, што го носи истиот датум како и оваа спогодба, помеѓу Заемопримачот и Железничкото транспортно претпријатие Белград (во натамошниот текст: ЖТП Белград), Заемопримачот се согласил да му даде на заем на ЖТП Белград еден дел од износот на заемот, како што е регулирано тоа со Договорот за заем и со споменатиот супсидијарен договор; и

бидејќи Гарантот, со оглед на фактот дека Банката влегува во Договорот за заем со Заемопримачот, се согласи да ги гарантира таквите обврски на Заемопримачот;

страните во оваа спогодба се согласија за следното:

Член I

**Општи услови и дефиниции**

Оддел 1.01. Страните во оваа спогодба ги прифаќаат сите одредби на „Општите услови што се применуваат врз договорите за заем и врз спогодбите за гаранција на Банката" од 15 март 1974 година, со иста сила и дејство како да се тука во потполност изложени (споменатите „Општи услови што се применуваат врз договорите за заем и врз спогодбите за гаранција" во натамошниот текст се викаат: „Општи услови").

Оддел 1.02. Секогаш кога во оваа спогодба ќе се употребат, освен ако контекстот не бара нешто друго, разните изрази дефинирани во „Општите услови" и во Оддел 1.02. на Договорот за заем го имаат она значење што е дадено таму.

Член II

**Гаранции**

Оддел 2.01. Не ограничувајќи ја, односно не намалувајќи ја која и да е друга своја обврска според Спогодбата за гаранција, Гарантот со ова безусловно гарантира, како прв обврзник, а не само како гарант, точно и навремено плаќање на главницата, каматата и другите трошоци на заемот, како и на премиите, доколку ќе ги има, при отплатата на заемот пред рокот, сé како што е наведено во Договорот за заем.

Член III

**Други одредби**

Оддел 3.01. (а) Политиката на Банката е, кога им одобрува заеми на своите членки, или кога ги одобрува со нивна гаранција, во редовни околности да не бара посебно обезбедување од односната членка, туку да се осигурува дека ниеден друг надворешен долг нема да ужива каква и да е предност пред заемите на Банката во доделувањето, реализацијата или распределбата на девизите што се држат под контрола, или во полза на таква членка. За таа цел, доколку каков и да е залог да биде воспоставен врз какви и да било јавни средства (како што се тука дефинирани) како обезбедување за кој и да е надворешен долг, што ќе има, или би можело да има за последица извесна предност во полза на доверителот на таков надворешен долг во доделувањето, реализацијата или во распределбата на девизите, таквиот залог, освен ако Банката не се согласи со нешто друго, со самото тоа и без каков и да било трошок за Банката, еднакво и сразмерно ќе ја обезбедува главницата, каматата и другите трошоци на заемот, а Гарантот, при воспоставува-

its political or administrative subdivisions, the Guarantor shall promptly and at no cost to the Bank secure the principal of, and interest and other charges on, the Loan by an equivalent lien on other public assets satisfactory to the Bank.

(b) The foregoing undertaking shall not apply to: (i) any lien created on property, at the time of purchase thereof, solely as security for payment of the purchase price of such property; and (ii) any lien arising in the ordinary course of banking transactions and securing a debt maturing not more than one year after its date.

(c) As used in this Section, the term "public assets" means assets of the Guarantor, of any political or administrative subdivision thereof and of any entity owned or controlled by, or operating for the account or benefit of, the Guarantor or any such subdivision, including gold and other foreign exchange assets held by any institution performing the functions of a central bank or exchange stabilization fond, or similar functions, for the Guarantor.

Section 3.02. The Guarantor covenants that it will not take, or cause or permit to be taken any action which would prevent or interfere with the performance by the Borrower of its obligations contained in the Loan Agreement, or the performance by the Borrower and RTE Belgrade of their respective obligations under the Subsidiary Loan Agreement, or the performance by the parties referred to in the several Recitals to the Loan Agreement of their respective other obligations and agreements described in said Recitals, and that, within the limits of its constitutional powers, it will take or cause to be taken all reasonable action necessary or appropriate to enable the Borrower, RTE Belgrade and such other parties to perform such agreements and obligations.

### Article IV

### Representative of the Guarantor; Addresses

Section 4.01. The Federal Secretary for Finance of the Guarantor is designated as representative of the Guarantor for the purposes of Section 11.03 of the General Conditions.

Section 4.02. The following addresses are specified for the purposes of Section 11.01 of the General Conditions:

For the Guarantor:

Savezni Sekretarijat za Finansije
Bulevar AVNOJ-a 104
11070 Belgrade
Yugoslavia
Cable address:
SAVEZNI SEKRETARIJAT ZA FINANSIJE
Belgrade, Yugoslavia

For the Bank:

International Bank for
Reconstruction and Development
1818 H Street, N. W.
Washington, D. C. 20433
United States of America
Cable address:
INTBAFRAD
Washington, D.C.

њето на таков залог или при давањето согласност да се воспостави тој, ќе донесе изречена одредба за таа цел; но, со тоа што ако од која и да било уставна или друга законска причина таква одредба не може да биде донесена во однос на залогот воспоставен врз средствата на која и да е од неговите политички или административни потесни единици, Гарантот веднаш и без никаков трошок за Банката ќе ја обезбеди главницата, каматата и другите трошоци во врска со заемот со соодветен залог врз други јавни средства, задоволувачки за Банката.

(b) Наведената обврска нема да се применува врз (i) кој и да е залог воспоставен врз имотот, во времето на купувањето на таков имот, исклучиво како обезбедување за плаќање на цената на таков имот и (ii) врз кој и да е залог што произлегува од редовните банкарски трансакции и го обезбедува долгот кој втасува најдоцна една година од денот на склучувањето на тој долг.

(c) Изразот „јавни средства", како што е употребен во овој оддел, ги означува средствата на Гарантот, или на која и да е негова политичка или административна потесна единица и на која и да е единица во сопственост или под контрола, односно на која и да е единица што работи за сметка или во полза на Гарантот, или на која и да е таква потесна единица, вклучувајќи го тука и златото и другите девизни средства што ги држи која и да е установа, што врши функции на централна банка или на девизен стабилизационен фонд, или слични функции за Гарантот.

Оддел 3.02. Гарантот се обврзува дека нема да преземе или дека нема да се погрижи, односно дозволи да се преземе какво и да е дејствие што би го спречувало или пречело извршувањето на обврските на Заемопримачот од Договорот за заем или извршувањето на обврските на Заемопримачот и ЖТП Белград врз основа на Супсидијарниот договор за заем, или извршувањето на обврските на учесниците наведени во повеќе уводни одредби на Договорот за заем и договорите наведени во спомenатите уводни одредби, и дека во границите на своите уставни овластувања ќе преземе или дека ќе се погрижи да се преземе секое разумно дејствие што е потребно или умесно за да им се овозможи на Заемопримачот, на ЖТП Белград и на другите учесници да ги исполнуваат таквите договори и обврски.

### Член IV

### Претставник на Гарантот и адреси

Оддел 4.01. Сојузниот секретар за финансии на Гарантот е определен за претставник на Гарантот за целите на Оддел 11.03. на „Општите услови".

Оддел 4.02. Следните адреси се определуваат за целите на Оддел 11.01. на „Општите услови".

За Гарантот:

Сојузен секретаријат за финансии
Булевар АВНОЈ-а 104
11070 Белград
Југославија
Телеграфска адреса:
СОЈУЗЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ
БЕЛГРАД, ЈУГОСЛАВИЈА

За Банката:

International Bank for Reconstruction
and Development
1818 H. Street, N. W.
Washington, D.C. 20433
United States of America
Телеграфска адреса:
INTBAFRAD
Washington, D. C.

In witness whereof, the parties hereto, acting through their representatives thereunto duly authorized, have caused this Agreement to be signed in their respective names in the District of Columbia, United States of America, as of the day and year first above written.

Socialist Federal Republic
by
**Toma Granfil (s)**
Authorized Representative

International Bank for Reconstruction and Development
by
**Munir Benjenk**
Regional Vice President
Europe, Middle East and North Africa

Во потврда на што страните од оваа спогодба, постапувајќи преку своите за тоа уредно овластени претставници, се погрижија оваа спогодба да биде потпишана во нивно име во Дистриктот Колумбија, во Соединетите Американски Држави, на напред означениот ден и година.

Социјалистичка Федеративна Република Југославија
**Тома Гранфил**, с. р.
овластен претставник

Меѓународна банка за обнова и развој
**Munir Benjenk**, с. р.
Регионален потпредседател
за Европа, Блискиот Исток и Северна Африка

Член 3

Ако федерацијата како Гарант ја изврши за Заемопримачот обврската според Договорот за заем, републиките односно автономните покраини се обврзуваат дека на федерацијата ќе ѝ го надоместат износот на обврските што ги намирила таа, и тоа секоја од нив дел од тој износ што го користеле организациите на здружениот труд од нејзината територија.

Ако републиката, односно автономната покраина во рок од 15 дена од денот кога ѝ е соопштено дека федерацијата ја извршила обврската спрема Меѓународната банка за обнова и развој, не го пренесе соодветниот износ на средства врз федерацијата, Службата на општественото книговодство по налог од Сојузниот секретаријат за финансии, ќе го пренесе во корист на федерацијата соодветниот износ на средства од приходите на републиката, односно на автономната покраина, освен средствата определени за исплата на личните доходи на работниците во органите на републиката, односно на автономната покраина.

Член 4

Се овластува сојузниот секретар за финансии да презема, по потреба, дејствија во врска со извршувањето на Спогодбата за гаранција.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

---

**303.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „PANORAMA“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Panorama“, број 464 од 13 март 1975 година, што излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/208
7 април 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**304.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „L'EXPRESS“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „L'Express“, број 1231 од 10—16 февруари 1975 година, што излегува на француски јазик во Париз, Франција.

Бр. 650-1-5/384
10 април 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

305.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „THE TIMES“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „The Times“, број 59327 од 22 февруари 1975 година, што излегува на англиски јазик во Лондон, Велика Британија.

Бр. 650-1-32/286
10 април 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

306.

Врз основа на точка 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/68, 27/68 и 30/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за пазар и цени издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 18/73, 27/73, 47/73, 52/73, 5/74, 37/74, 58/74 и 65/74) во точка 1 одредбите под 88 и 90 се бришат.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 2822/1
25 април 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за пазар и цени,
д-р **Душан Анакиоски**, с. р.

307.

Врз основа на член 44 став 4 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ“, бр. 67/72), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СНАБДУВАЊЕТО НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ СО ПРОТЕЗИ, ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА, СО ПОМОШНИ И САНИТАРНИ СПРАВИ

Член 1

Во Правилникот за снабдувањето на воените инвалиди со протези, ортопедски и други помагала, со помошни и санитарни справи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 18/73) во член 2 став 3 зборовите: „му припаѓа“ се заменуваат со зборовите: „му припаѓаат кожени наракшвици“.

Во став 4 зборовите: „рало чевли“ се заменуваат со зборовите: „рало обични чевли“.

Став 5 се менува и гласи:

„На корисникот — возач, на сопственик на моторно возило, на кого горен или долен екстремитет му е ампутиран, одземен или оштетен со најмалку 60% му припаѓа и уред за безбедно ракување со моторно возило, кој може да биде механички или автоматски (саксомат).“.

Член 2

Во член 5 став 2 зборовите: „инвалидска количка“ се заменуваат со зборовите: „инвалидска собна количка“.

Член 3

Во член 7 точка 4 по зборот: „игли“ се додаваат зборовите: „или специјална брзгалка за инјекции“.

Точка 14 се менува и гласи:

„14) магнетофон, две магнетофонски ленти, часовник и стап — на корисник што е слеп. На корисник што е слеп, ако е член на фонотека на Сојузот на слепите на Југославија, наместо две магнетофонски ленти му припаѓа паричен надоместок во височина на уплатената годишна членарина за користење на таа фонотека.“.

Член 4

Во член 9 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „или ако корисникот не се согласува на пластична операција.“.

Член 5

Во член 20 став 1 точка 12 зборовите: „1 година“ се заменуваат со зборовите: „2 години“.

По точка 21 се додава нова точка 21а, која гласи:

„21а) специјална брзгалка за инјекции 5 години“.

По точка 50 се додава нова точка 50а, која гласи:

„50а) магнетофонски ленти (2 парчиња) 1 година“.

Член 6

Пред член 23 се додава назив на главата X, кој гласи: „X. Постапка за добивање помагала“.

Член 7

Пред член 24 називот на главата: „X. Постапка за добивање помагала“ се брише.

Член 24 се менува и гласи:

„По примениото барање, надлежниот општински орган на управата од член 23 на овој правилник го упатува корисникот до Комисијата за стручна контрола и прием на помагала (во натамошниот текст: Комисијата), што врши преглед на корисникот и дава наоди и мислења за потребата од помагало и за видот на помагалото, а според индикациите предвидени со овој правилник.

Комисијата врши и стручна контрола на изработката на помагалата што се изработуваат по мера.

По исклучок од одредбата на став 1 на овој член, надлежниот општински орган на управата го упатува корисникот до лекар од соодветна специјалност заради давање наод и мислење за потребата од помагалата од чл. 7, 8, 9, 10 и 15 од овој правилник.“

Член 8

Член 25 се менува и гласи:

„Ако Комисијата утврди дека на корисникот му припаѓа помагало што се изработува по мера, еден примерок од својот наод и мислење доставува до општинскиот орган на управата надлежен за работи на борците и воените инвалиди, а вториот примерок заедно со работниот налог — до организацијата на здружениот труд што ќе го изработи помагалото.“

Член 9

По член 25 се додава нов член 25а, кој гласи:

„Врз основа на доставените наоди и мислења од Комисијата, односно од лекар по соодветна специјалност (член 24), општинскиот орган на управата надлежен за работи на борците и воените инвалиди донесува решение."

Член 10

Член 26 се брише.

Член 11

Член 27 се менува и гласи:

„Комисијата од член 24 на овој правилник ја формира надлежниот републички, односно покраински орган на управата.

Комисијата ја сочинуваат три члена, и тоа лекар специјалист (ортопед или физијатар) — од редот на лекарите што се занимаваат со унапредување и контрола на протетиката и ортотиката, и мајстор-протетичар, како и претставник на Сојузот на здруженијата на борците на Народноослободителната војна на Југославија — од редот на воените инвалиди.

Со решението за формирање на Комисијата се определува еден од членовите за претседател на Комисијата, и се утврдува потребниот број заменици на членовите на Комисијата. Со тоа решение се определува и кој орган на управата ќе ги врши административните и техничките работи за Комисијата.

Комисијата работи во работните простории што ќе ѝ ги обезбеди производителот на помагалата.

За својата работа Комисијата води дневник.

Надоместокот за работата на Комисијата го утврдува надлежниот републички, односно покраински орган на управата, во согласност со Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди."

Член 12

Во член 28 став 1 се менува и гласи:

„По изработката на помагалото, производителот го повикува корисникот на помагалото на завршна проба што се врши пред членовите на Комисијата и претставникот на производителот."

Став 2 се брише.

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 2 и 3.

Член 13

По член 28 се додава нов член 28а, кој гласи:

„Порачаните ортопедски помагала и ортопедски обувки мораат да му се предадат на корисникот во рок од 45 дена (протези и апарати), односно во рок од 30 дена (ортопедски обувки) — од денот на земањето на мерата за изработка на тие помагала.

Во исклучителни случаи Комисијата може да определи и подолг рок за изработка на помагалата од став 1 на овој член, но не подолг од 60 дена.

Готовото помагало му се испорачува на корисникот во рок од 7 дена од денот на приемот на помагалото од страна на Комисијата."

Член 14

Во член 30 став 3 зборовите: „медицински и технички услови" се заменуваат со зборовите: „медицински, технички и кадровски услови", а зборовите: „Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика" — со зборовите: „претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди".

Член 15

Член 31 се менува и гласи:

„Набавката на помагалата што не се изработуваат по мера а за кои на корисникот не му се дава паушален надомест, како што се: очни, забопротетички, помошни и други помагала, се врши во здравствена организација на здружениот труд или во трговска организација на здружениот труд на начинот и по постапката што за осигурените лица се предвидени со прописите за здравственото осигурување.

За помагалата наведени во Листата на помагалата што не се изработуваат по мера, а за кои на корисникот му се дава паушален надоместок, на корисникот му припаѓа паушален надоместок во височината што е определена во таа листа.

Листата на помагалата што не се изработуваат по мера, а за кои на корисникот му се дава паушален надоместок е отпечатена кон овој правилник и е негов составен дел."

Член 16

Во член 32 став 1 зборовите: „комисијата од член 26 односно 27 на овој правилник" се заменуваат со зборот: „Комисијата".

Член 17

Во член 35 став 2 зборовите: „Комисиите (чл. 26 и 27)" се заменуваат со зборот: „Комисијата".

Член 18

Упатувањето на корисникот на помагало до Комисијата, мислењето на Комисијата, работниот налог, налогот за изработка, односно поправка на помагалото и оцена на квалитетот на изработеното, односно поправеното помагало се врши според образецот број 1.

Упатувањето на корисникот на помагало до Комисијата и мислењето на Комисијата за правото на паушален надоместок за помагалото се врши според образецот број 2.

Упатувањето на корисникот на помагало до лекар-специјалист и мислењето на лекарот-специјалист се врши според образецот број 3.

Обрасците бр. 1, 2 и 3 од овој член се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 19

На корисниците на помагалата од чл. 3, 7, 11, 12 и 13 од овој правилник не можат да им се издадат налози за изработка односно купување на ново помагало додека Комисијата не ја утврди потребата од такво помагало.

Ако корисникот од став 1 на овој член има право на повеќе помагала, Комисијата ја оценува потребата од сите помагала што корисникот ги користи без оглед дали им истекол рокот.

Член 20

Листата на помагалата што не се изработуваат по мера за кои се дава паушален надоместок, што е составен дел на Правилникот за снабдувањето на воените инвалиди со протези, ортопедски и други помагала, со помошни и санитарни справи („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73), престанува да важи.

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 186/1
18 февруари 1975 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за прашања
на борците и
воените инвалиди,
**Мара Радиќ**, с. р.

**Образец бр. 1**

Собрание на општина ——
Број на налогот ————
На ————————

I

До Комисијата за стручна контрола и прием на помагала при

————————

ПРЕДМЕТ: ————
————

Ви се упатува ———————————
воен инвалид ——— група, носител на „Партизанска споменица 1941", роден-а ——— од ——— општина ————————, што бара ——————

————————————————

(изработка — поправка на ортопедско — ортотичко помага-

————————————————

ло, привремена замена и др.)

————————————————

заради давање наод и мислење за потребата од помагало.

М. П.

————————
(Потпис на овластеното лице)

..........................................................

II

До Комисијата за стручна контрола и прием на помагала при

————————

Број ————————
На ————————

Врз основа на налогот од Собранието на општина ——— број ——— од ——— година, Комисијата изврши преглед на именуваниот-ата и утврди дека има оштетување ——————

————————————————

и дека ги исполнува условите од чл. ——— на Правилникот за снабдувањето на воените инвалиди со протези, ортопедски и други помагала, со помошни и санитарни справи, та му-й припаѓа ————

————————————————
————————————————
————————————————
————————————————

Образложение

————————————————
————————————————
————————————————
————————————————
————————————————

Соопштено на воениот инвалид

На ————————

————————
(Потпис на воениот инвалид)

Членови на Комисијата:

1. ————————
2. ————————
3. ————————

М. П.

..........................................................

III

До Собранието на општина ————————

На Ваше барање од ——— година, се доставува мислењето на оваа комисија, на натамошна постапка.

Претседател
на Комисијата,
————————

М. П.

Забелешка: Копијата (дупликатот) да се достави до органот на управата без одлагање, ако порано не било признаено правото на помагало, односно на определено помагало

..........................................................

(Работен налог)

IV

До Организацијата на здружениот труд за изработка на помагала

————————————————

Седиштето ————————

ПРЕДМЕТ: изработка (поправка) на помагала

Комисијата на ——— го-ја прегледа именуваниот-ата и утврди дека му-й припаѓа право на напред наведеното-ите помагало-а.

Ово да се смета како работен налог за изработка (поправка) на помагалото, и тоа:

————————————————
————————————————

Рок за изработка на помагалото ———— дена.

На ————————

М. П.

Претседател
на Комисијата,
————————

..........................................................

V

Организација на здружениот труд за изработка на помагала

————————————————

Број ————————
Датум ————————

Врз основа на предниот работен налог издаден е налог за изработка (поправка) на помагалото на ——— година, и определен рокот на изработката (поправката) ————————.

Упатен позив до корисникот на ———, заради доаѓање на проба на помагалото на ———.

Повторно упатен позив на ——— за доаѓање на: ———.

Корисникот се ояви на позивот на ————.

Оцена на изработеното, односно поправеното помагало.

Комисијата на ——— го испроба помагалото

———————————————

(вид помагало)

на корисникот и утврди дека помагалото е изработено-не е изработено стручно, квалитетно, функционално и дека не одговара и дека е-не е испорачано во договорениот рок.

Согласен корисникот, ———————

Членови на Комисијата:
1. ———
2. ———
3. ———

Го потврдува приемот на помагалото,

———————
(потпис на корисникот)

Ја потврдува испораката на помагалото,

———————
(потпис на овластеното лице во организацијата на здружениот труд за изработка на помагала)

М.П.

На ——————

Прилог сметка бр. ————

.......................................................

VI

Организација на здружениот труд за изработка на помагала

———————

Број ——————

На ——————

До Собранието на општина

———————

По изработката, односно поправката и испораката на помагалото, доставуваме сметка на исплата.

———————
(потпис на овластеното лице)

М.П.

**Образец бр. 2**

Собрание на општина ——

Број на налогот ———

На ——————

I

До Комисијата за стручна контрола и прием на помагала при

———————

ПРЕДМЕТ: ————

————————

————————————————
(име, татково име и презиме)

———— воен инвалид ——— група, носител на „Партизанска споменица 1941", роден-а ——— од ———— општина ———— од ———— бара ——————

———————————————
(паушален надоместок за помагало)

———————
(потпис на овластеното лице)

М.П.

.......................................................

II

(Мислење)

Комисија за стручна контрола и прием на помагала при ————

————————

Број ——————

На ——————

Врз основа на налогот на Собранието на општина ———— број ——— од ———— година, Комисијата изврши преглед на именуваниот-ата и утврди дека има-нема оштетување ——————— ——— и дека ги исполнува, односно не ги исполнува условите од чл. ———— на Правилникот за снабдувањето на воените инвалиди со протези, ортопедски и други помагала, со помошни и санитарни справи, та припаѓа, односно не припаѓа ——

———————————————

———————————————

———————————————

———————————————

Образложение

———————————————

———————————————

———————————————

———————————————

———————————————

———————————————

Соопштено на воениот инвалид

———————
(Потпис на воениот инвалид)

Членови на Комисијата:
1. ———
2. ———
3. ———

М. П.

.......................................................

III

До Собранието на општина ————

На Ваше барање од ———— година, се доставува мислењето на оваа комисија на натамошна постапка.

Претседател на Комисијата,

———————

М.П.

.......................................................

Образец бр. 3

Упат до лекар по соодветна специјалност ——

Собрание на општина ——
Број на налогот ——
На ——

I

До лекарот

(соодветна специјалност)

ПРЕДМЕТ: ——

(име. татково име и презиме)

воен инвалид —— група, носител на „Партизанска споменица 1941“ роден-а —— од —— општина —— бара

(потпис на овластеното лице)

М.П.

II

Здравствена организација на здружениот труд

Мислење

Лекар специјалист ——
Број ——
На ——

Врз основа на налогот на Собранието на општина —— бр. —— од ——, извршив преглед на именуваниот-ата и утврдив дека има-нема оштетувања ——

што повлекуваат право на помагала согласно со чл. —— од Правилникот за снабдувањето на воените инвалиди со протези, ортопедски и други помагала, со помошни и санитарни справи, та му-ѝ припаѓа, односно не припаѓа помагало.

Образложение

Соопштено на воениот инвалид,

(потпис на воениот инвалид) (потпис на лекарот специјалист)

ЛИСТА

НА ПОМАГАЛАТА ШТО НЕ СЕ ИЗРАБОТУВААТ ПО МЕРА, А ЗА КОИ НА КОРИСНИКОТ МУ СЕ ДАВА ПАУШАЛЕН НАДОМЕСТОК

| Реден број | Назив на помагалото | Износ на паушалниот надоместок |
|---|---|---|
| 1 | Обични чевли | 350 |
| 2 | Специјални чевли | 400 |
| 3 | Кожена шапка или шубара | 300 |
| 4 | Кожен елек или волнен џемпер | 400 |
| 5 | Нараквици кожени, поставени со крзно | 250 |
| 6 | Нараквици кожени, поставени со фланел | 200 |
| 7 | Еластична обвивка | 60 |
| 8 | Стап | 50 |
| 9 | Ноќен сад | 50 |
| 10 | Шприц за 2 кубика | 300 |
| 11 | Џебни плукалници | 50 |
| 12 | Гумирана подметка за постела | 150 |
| 13 | Гумена перница или тркало | 100 |
| 14 | Гумен душек | 500 |
| 15 | Темни очила | 500 |
| 16 | Часовник за слепи | 600 |
| 17 | Перика | 500 |

**308.**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/72), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОСНОВНИТЕ ОБЕЛЕЖЈА НА ПРИГОДНОТО ИЗДАНИЕ НА КОВАНИ ПАРИ ОД 5 ДИНАРИ ПО ПОВОД 30-ГОДИШНИНАТА ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ЈУГОСЛАВИЈА И ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ

1. Народната банка на Југославија ќе издаде по повод 30-годишнината од ослободувањето на Југославија и победата над фашизмот ковани пари од 5 динари на кои ќе биде испишан текст: „30 год. од победата над фашизмот.“.

2. Обележјата на апоенот на ковните пари од точка 1 на оваа одлука ќе бидат — во поглед на легурата, тежината, отстапувањето од тежината, пречникот, изгледот од лицето и ободот — идентични со обележјата на кованите пари од 5 динари од точ. 5 и 6 на Одлуката за обележјата на банкнотата од 500 динари и на кованите пари од 2 и 5 динари („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/70).

Изгледот на кованите пари од 5 динари од точка 1 на оваа одлука од опачината ќе биде следниот: во средината — бројчена ознака на вредноста (5), под бројчената ознака на вредноста — бројот: „1975“ како година на ковањето, а околу бројчената ознака на вредноста — во концентрични кругови испишани зборови: „динара“ со кирилица и латиница, „динарјев“ со латиница и „динари“ со кирилица, и испишани текстови: „30 год. победе над фашизмом“ со кирилица, „30 год. побједе над фашизмом“ со латиница, „30 лет змаге над фашизмом“ со латиница и „30 год. од победата над фашизмот“ со кирилица.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 30
29 април 1975 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите,
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Бранислав Чолановиќ,** с. р.

---

**309.**

Врз основа на чл. 26 и 62 точка 10 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72) и член 24 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71), во врска со точка 2 под 9 од Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1975 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/75), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Народната банка на Југославија ќе издава свои благајнички записи почнувајќи од 20 мај 1975 година, и тоа до вкупен износ од 1.000,000.000 динари.

2. Благајничките записи од точка 1 на оваа одлука можат да ги запишуваат банките и други финансиски организации.

Запишувањето на благајничките записи банките и други финансиски организации го вршат кај народните банки на републиките и кај народните банки на автономните покраини.

3. Благајничките записи се издаваат со рок на втасаност од 12 месеци и со камата по стапка од 6% годишно. Каматата се смета од денот на запишувањето на благајничките записи и се исплатува во роковите на втасаноста на благајничките записи.

4. Благајничките записи се издаваат во апоени од 100.000, 200.000, 500.000 и 1,000.000 динари.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 31
28 април 1975 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите,
гувернер
на Народната банка
на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ,** с. р.

---

**310.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ГРАДСКИ И ПРИГРАДСКИ АВТОБУСИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 3 март 1975 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за градски и приградски автобуси, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, и тоа:

1) за градски и приградски автобуси — во просек за 19%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата.
2) за резервни делови — до 18%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 1400 од 29 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: ТАМ — Марибор, „Фап Фамос" — Белград и „Икарус" — Земун.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 13 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

**311.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставникот на потрошувачот склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ОПРЕМА, ПРИБОР, ИНВЕНТАР И ЗА ДРУГИ ПРОИЗВОДИ НАМЕНЕТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ

1. Претставникот на производителот и претставникот на потрошувачот на 11 јули 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за опрема, прибор, инвентар и за други производи наменети за потребите на Југословенските железници, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, во просек за 20%, а според Ценовникот што е составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2063 од 8 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: „Блок-Сигнал" — Ниш.

Претставник на купувачот-потрошувач: ЖТП — Белград.

---

**312.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЖЕЛЕЗНА РУДА И ЗА КОНЦЕНТРАТ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 30 декември 1974 го-

дина склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за железна руда и за концентрат, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени при постојните услови на продажбата, до 8,1%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 201 од 17 април 1975 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: Рударско металуршки комбинат „Зеница" — Зеница.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Словенске железарне — Љубљана, Металуршки комбинат „Железара Сисак" — Сисак и „Металуршки комбинат Смедерево" — Смедерево.

## 313.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

### СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ВОДЕНИЦИ ЗА МЕЛЕЊЕ КАФЕ И ЗА НИВНИ НОЖОВИ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 18 декември 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за воденици за мелење кафе и за нивни ножови, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Дин/парче |
|---|---|
| 1) воденица за мелење кафе, тип MLT-2 | 3.900 |
| 2) воденица за мелење кафе, тип MLM-1 | 4.300 |
| 3) воденица за мелење кафе, тип MLV-1 | 12.500 |
| 4) нож за воденици тип MLT-2 и MLM-1 | 550 |
| 5) нож за воденица, тип MLV-1 | 1.250 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

